АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1273/2022
19.12.2022 год.
ШТИП

Судскиот администратор, на Апелациониот суд Штип, Александар Парчеклиев, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 98/15,6/16,198/18, 248/18 и 235/22), чл. 14 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1123/2022 од 07.11.2022 година( пречистен текст) и согласноста од Министерство за финансии бр. 18-9847/2 од 08.11.2022 година, по спроведената постапка во врска со објавениот Јавен оглас бр.1/2022, за вработување на судски службеници, за работно место Судски соработник со звање Судски соработник, категорија со ниво В3 - 2 (двајца) извршители на неопределено време а по доставениот Предлог на кандидати за вработување Су.бр.1155/22-12 од 19.12.2022 година од страна на Комисијата за селекција за вработување, на ден 19.12.2022.година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За избор на судски службеник

За работно место Судски соработник со звање Судски соработник – категорија и ниво В3, 2 (двајца) извршители, на неопределено време, а по распишаниот јавен оглас бр.1/2022, се избираат кандидатите:

Моника Паневска ул „Ленинова“ бр. 33 Штип

Симона Манева Живкова ул „Брегалничка“ бр. 42 Штип

Решенија за вработување со избраните кандидати ќе се донесат по правосилноста на  оваа одлука.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд Штип во дневните весници „Слободен печат“ и ,,Коха“ од 17.11.2022 година, објавен е Јавен оглас бр.1/2022 за вработување на судски службеник на непоределено време за работно место Судски соработник со звање Судски соработник, категорија и ниво В3“, 2 (двајца) извршители, а врз основа согласноста од Министерство за финансии бр. 18-9847/2 од 08.11.2022 година .

Со решение Су.бр.1155/22-6 од 02.12.2022 година од страна на Судскиот администратор формирана е комисија за селекција за вработување по распишаниот јавен оглас 1/22.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција,за испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници„ (Службен весник на РМ бр.236/18 од 24.12.2018 година),на ден 19.12.2022 година до Судскиот администратор доставен е Предлог на кандидати за вработување Су.бр.1155/22-12 од 19.12.2022 година, во кој е наведено дека за кандидати за вработување за работно место и завање Судски соработник по оглас бр.1/2022, на неопределено време се предлагаат Моника Паневска ул „Ленинова" бр. 33 Штип, Влаинка, со шифра АСШ306, која е прва на ранг листата со освоени 84.22 бодови од сите фази на селекцијата и Симона Манева Живкова ул Брегалничка бр. 42 од Штип, Македонка, со шифра АСШ307, која е втора на ранг листата со вкупно освоени 81.37 бодови во сите фази на селекцијата.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлог на кандидат за вработување Су.бр.1155/22-12 од 19.12.2022 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, одлучи за работно место Судски соработник, двајца извршители со звање Судски соработник, категорија и ниво В3, на неопределено време, а по распишаниот јавен оглас 1/2022, да ги избере кандидатите Моника Паневска ул „Ленинова" бр. 33 Штип, Влаинка, со шифра АСШ306, која е прва на ранг листата со освоени 84.22 бодови од сите фази на селекцијата и Симона Манева Живкова ул Брегалничка бр. 42 од Штип, Македонка, со шифра АСШ307, која е втора на ранг листата со вкупно освоени 81.37 бодови во сите фази на селекцијата.

Поради горе наведеното, Судскиот администратор, согласно член 36 од Законот за судска служба(Сл.весник бр.43/14, 98/15,6/16,198/18,248/18 и 235/22), чл. 14 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1123/2022 од 07.11.2022 година (пречистен текст), согласноста од Министерство за финансии бр. 18-9847/2 од 08.11.2022 година, одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор до Советот на судска служба.